РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони
Drejtoria për zona zhvillimore teknologjike industriale

Бр./Nr. 04-1171/1
18.08.2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ТИРЗ
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

Врз основа на член 4 од Законот за практиканство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 103/21 и 86/25), а во врска со Одлуката на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.02-1158/3 од 11.08.2026 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавува:

## ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ПРАКТИКАНТИ ВО ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ БРОЈ 02/2026

Врз основа на член 4 од Законот за практиканство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 103/21 и 86/25), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони распишува ЈАВЕН оглас за ангажирање на 3 (три) практиканти во следните организациони единици:

- 1 (еден) практикант во Сектор за управување со ресурси во Одделение за финансиски прашања, студент на прв циклус на студии од областа на економските науки;

- 1 (еден) практикант во Сектор за општи, нормативни работи и јавни набавки во Одделение за јавни набавки, студент на прв циклус на студии од областа на економските науки;

- 1 (еден) практикант во Сектор за анализа, преговори и следење на договори за државна помош, студент на прв циклус на студии од областа на економските науки;

Практикантската работа ќе се реализира во просториите на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**<u>Времетраење на практинатската работа, работно време и надоместок:</u>**

Периодот на траење на практикантската работа ќе биде 3 (три) месеци со полно работно време.
Работното време на практикантите е 40 (четириесет) часа неделно, од понеделник до петок, со почеток од 07:30-08:30 и завршеток до 15:30-16:30 часот.
За практикантската работа ќе се исплаќа месечен надоместок во нето износ во висина од 42% од минималната нето плата, утврдена согласно со закон.

**<u>Услови кои треба да ги исполнува практикантот:</u>**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Да не е во работен однос;
- Да не е постар од 34 години;
- Да е студент на студии на прв циклус на студии;
- Да поседува добри комуникациски вештини;
- Да поседува самоиницијативност, одлучност и желба за учење;
- Да има солидно познавање на англиски јазик;
- Да има познавање на Microsoft Office пакетот;

**Потребна документација за аплицирање:**

- Кратка биографија (CV) на апликантот со задолжително наведен контакт телефон и адреса;
- Државјанство;
- Доказ за видот на образованието што е во тек (потврда од матичниот факултет дека кандидатот е студент на прв циклус на студии);
- Потврда од Агенцијата за вработување дека лицето е невработено;
- Историјат за вработување од Агенцијата за вработување;
- Пополнет документ за упатување на пракса од образовната институција, испечатен на официјалниот меморандум и заверен со потпис и печат на образовната институција.

**Очекувани цели од нашите практиканти:**

- Одговорен пристап кон задачите и активно учество во процесот на практикантската работа,
- Преземање иницијатива и креативност,
- Желба за здобивање на практични работни вештини.
- Стекнување практични знаења, професионални вештини и работно искуство преку активно учество во работните процеси на Дирекцијата.

**Процес на практикантска работа:**

Практикантската работа ќе се реализира преку активно учество во секојдневните работни активности во соодветниот сектор, под менторство и надзор од определено лице. На практикантите ќе им биде обезбедена соодветна поддршка, насоки и можност за стекнување знаења од соодветната област и професионални вештини во текот на траењето на практикантскиот ангажман.

**Задачи при вршењето на практикантска работа:**

Задачите на практикантите ќе вклучуваат учество во тековните активности на соодветниот сектор, извршување на основни работни задачи под менторство, како и поддршка на тимот во реализација на дневните работни обврски. Конкретните задачи ќе бидат прилагодени согласно потребите и работниот процес на секторот во кој практикантот е ангажиран.

**Начин и рок за пријавување:**

Доколку сте во потрага за започнување на кариера во позитивна и динамична атмосфера, со можност за зголемување на Вашето знаење и вештини и ако имате интерес да се стекнете со знаење од доменот на работата на Дирекција за технолошки индустриски развојни зони, Ве повикуваме да се пријавите на јавниот оглас и да испратите Биографија (CV) која заедно со наведените придружни документи е потребно за ја доставите на е-маил адресата: hr@fez.gov.mk.

**Пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите, ќе бидат повикани на интервју, по што ќе се направи финален избор и ќе се потпише Договор за практиканство.**
**Огласот трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето.**

Ненавремената, нецелосната и некомплетната пријава и документација нема да биде разгледана.
По истекот на рокот за аплицирање кандидатите ќе бидат известени за натамошниот тек на постапката.
Со избраните кандидати ќе се склучи договор за практикантска работа, согласно член 12 и 13 од Законот за практикантство.

Директор
Д-р Гоце Димовски

-----------------------------

REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Дирекција за технолошки индустриски развојни зони Скопје
Drejtoria për zonat zhvillimore teknologjike industriale Shkup